## SLIQ MOBILE



Иако SLIQ мобилниот телефон сè уште се наоѓа во концепт фаза, сепак дефинитивно привлекува огромно внимание. Направен е од рециклиран алуминиум, кој нуди помала тежина, трајност и алтернатива на штетните пластики, телефонот располага и со прекрасен мистичен дизајн. Екранот е направен од органски LED диоди, кој заедно со мерките за намалување на потрошувачката на батеријата прават SLIQ да троши 40 отсто помалку енергија од останатите телефони со LCD монитори. Дизајнерите сметаат дека овој концепт ќе биде далеку поевтин за производство поради големата понуда на потребните материјали, како и поради помалата потребна опрема.

## HP IPAQ 900 SERIES BUSINESS MESSENGER




Hewlett-Packard го најави својот iPAQ 900 Series Business Messenger, 3G паметен телефон со QWERTY тастатура, Microsoft Windows Mobile 6.1 Professional оперативен систем и поддршка за Wi-Fi мрежи. Уредот поддржува и три-банд UMTS/HSDPA и quad-band GSM/GPRS/EDGE мрежи, што на корисниците освен телефонирање им овозможува и користење брз Интернет. Од останатите функции треба да се издвои и поддршката за GPS, одличната 3-мега-пиксел-на камера и големиот број бизнис апликации.

hp invent

